# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ

## 1. УЧИЛИШНА ПОЛИТИКА ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ

1А. Училиштето има документација со која се регулира позитивен, поддржувачки и транспарентен однос кој има за цел да одговори на специфичните потреби на надарените ученици.

1б. Одговорните во училиштето низ соработка со локалната заедница и институциите во заедницата имаат обврска да обезбедат ефективни и адекватни процедури за идентификација, следење и стимулација на развојот на надарените ученици.

1в. Во училиштето се креирани индивидуализирани програми за учење според специфичните потреби за учење на надарените ученици како и според образовните области.

1г. Наставниците подготват индивидуални програми за учење како за надарените ученици, така и за оние ученици кои имаат некои потешкотии со процесот на учење.

1д. Училиштето вложува напори во обезбедување на соодветни обуки и тренинг на наставниците со цел стекнување соодветна едукација за работа со надарени ученици.

1ѓ. Училиштето вложува напори кон соработка и поддршка на родителите на надарените ученици.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

2а. Цели на оваа програма се да обезбеди координирана и индивидуализирана работа која ќе одговори на специфичните едукативни потреби на надарените ученици.

2б. Посебни цели:

- Идентификување на надарените ученици
- Распределување на надарените ученици во категории според карактеристиките на надареноста која е регистрирана при идентификацијата и нивните спиецифични потреби
- Изработување на индивидуализирани програми за работа со надарените ученици со што ќе се стимулира нивниот понатамошен развој и усвојување на пошироки знаења и вештини од одредена област

- Пружање помош на надарените ученици во развивање на својата способност за самостојно учење
- Збогатување на искуствата на надарените ученици преку поврзување со институциите во заедницата, организирање проекти, работилници, присуство на семинари и различни други збогатени активности.

## 3. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ

3а. Поимни дистнкции - Дефинирање на поимите надареност, талент и креативност-

**Надареност** претставува склоп на особини кои му овозможуваат на поеднинецот трајно да постигнува високи или исклучително високи резултати во едно или повеќе подрачја на човековата дејност.
Надареноста подразбира присуство на развиени општи интелектуални способности, креативно и/или творечко мислење, перзистентна мотивација и специфичен склоп на особини на личноста на надареното дете.

Во однос на присуство на **развиени општи интелектуални способности** се говори за препознатливо присуство на :

- флексибилно мислење
- развиено апстрактно мислење
- осетливост во препознавање на проблеми
- брзо и лесно учење
- лесно запомнување

Во однос на **присуство на креативно и/или творечко мислење** се говори за препознатливо присуство на :

- способост за продуцирање на повеќе нови идеи
- оригиналност во идеите
- отвореност на интелектот за ново и необично
- присуство на дивергентно мислење *

Во однос на **присуство на перзистентна мотивација** се говори за :

- подготвеност на поединецот долго време да се посвети на активноста за која има интерес
- целосна предаденост на задачите на кои се работи
- истрајност и упорност
- постапките често водени од интринсичка ( внатрешна ) мотивација

*дивергентно мислење – мислење со продукција на голем број на идеи и можни решенија

Во однос на **присуство на специфични особини на личноста** се говори за присуство на :

- позитивна слика за себе
- развиено чувство за сопствен идентитет
- љубопитност
- забележлив ентузијазам во работата
- своеглави и упорни во своите убедувања
- склоност кон независност и неконформизам

**Талентираност/ Талент** се однесува на развиена способност на единката во *една посебна област,* во вид на диспозиција* која треба да се развива со упорна работа, како на пример талент за музика, танц, математика, јазици, сликање и др.

Од талентираното дете се очекуваат надпросечни резултати во една конкретна област.

**Креативност** е особина која подразбира присуство на дивергентно мислење кое овозможува смислување на нови и различни решенија. При тоа вредноста на дивергентната продукција со огледа низ :

- флуентност – бројот на валидни решенија
- оригиналност – квалитет на новост и необичност
- флексибилност – можност поединецот да се прилагоди на промените во ситуацијата
- елаборација – умешност изнесените идеи да се разработат.

Креативноста е неопходен елемент на надареноста. Но, креативноста, сепак, е најманифестна кај активностите за кои единката покажуна поголем интерес. Развојот на креативност може да се стимулира со негување на самодоверба, творечка фантазија и дивергентно мислење.

***диспозиција** – склоност, наклонетост кон одредена вештина, активност која често подразбира и вроденост, односно наследност на дадена особина.

## 4. ВИДОВИ НА НАДАРЕНОСТ

Идентификацијата на надарените ученици подразбира порепознавање на специфичните видови на способности кои се присутни кај надарениот ученик. Доколку наставникот адекватно ги препознае и дефинира неговите/нејзини способности ќе може правилно да ја планира својата работа со надарениот ученик и да го насочува ученикот и помогне во неговиот/нејзиниот развој.

Во училишни услови соодветно на посточките наставни програми се среќаваат следните видови на надареност :

1. Надареност за математика
2. Вербална надареност
3. Ликовна надареност
4. Музичка надареност
5. Надареност за сценска уметност
6. Надареност за спорт
7. Надареност за лидерство

4а. **Надареност за математика**

Надареноста за математика подразбира способност за манипулирање и работа со симболи, знаење за предметите, симболите, односите и врските, разбирање на апстрактни поими, симболички замени за реалните предмети, работа со шеми, слики. Исто така математичката надареност подразбира вешто манипулирање со нумерички поими и односи.

Математичката надареност е резултат на истовремено активирање на следните посебни способности:

- Нумеричка способност – разбирање на нумерички симболи, преку читање и пишување на математички симболи и разбирање на математички операци, односно нумеричките односи
- Способност за помнење и планирање – потребна за сукцесивно решавање на чекорите во проблемот и изведување на последователни заклучоци

- Способност за просторно претставување, потребна за разбирање на геометријата и просторните односи
- Способност за логичко заклучување и согледување на врски

4б. **Вербална надареност**

Вербалната надареност е поширока категорија која вклучува неколку различни подоблици како што се :

- Надареност за литература – способност на единката да се изрази преку лирика, сказни, романи, критика, значи различни пишани форми и трудови. Како поспецифични вештини кои се препознаваат откако се насочи вниманието кон вака надарените деца се следните:
  - осетливост за проблеми
  - гледање на предметите и настаните на нов и поинаков начин
  - моќ за соживување
  - развиена фантазија
  - умешност за комбинирање
  - исклучително помнење
  - развиено умствено преставување
  - јасно изразување

- Надареност за јазици во вид на способност за учење на странски јазици, добар изговор и добар гласовен систем на јазикот. Исто така, лингвистичката надареност ги опфаќа следните карактеристики:
  - аудитивно разбирање
  - добро изразување
  - богат речник
  - исклучително добро помнење и концентрација
  - брзина на реакција
  - социјално прилагодување
  - лична мотивација

4в. **Ликовна надареаност**

Ликовната надареност вклучува широк дијапазон на особини како :

- *Визуелна способност* која ја чинат –
  *Визуелна дискриминација – забележување на детали и разликување на нијанси во визуелни содржини
  *Визуелна меморија – способност за запомнување на живи и богати со поединости слики и подговеност тие точно и јасно да се претставуваат
- *Мануелна вештина* или рачна спретност со добра координација рака-око, спретна манипулација со предметите во простор и можност за нивно тродимензионално претставување и конструирање
- *Ликовна креативност* – самостојност и оригиналност во употреба на богати импресии и развиени визуелни претстави за изразување на идеите и нивно организирање на начин кој го задоволува уметничкиот осет за добра композиција.
- *развиена внатрешна мотивација* за творење

4г. **Музичка надареност**

Во основата на музичкиот талент се четири основни способности:

- спообност за создавање на нови дела
- Тонска – осетливост за висината и бојата на тонот
- Динамичка – аудитивна осетливост за промени на гласноста и дискриминација на ритам
- Темпорална* - осетливост за ритам, темпо и траење
- Квалитативна – осетливост за хармониски склопови и комбинации

Освен горенаведените, музичката надареност вклучува и присуство на добра музичка меморија, односно способност да се препознае и репродуцира некој музички интервал или музичка линија.
Сето ова му овозможува на музичко нараденото или талентирано дете вештини како – добро музичко перцепирање, помнење и сфаќање на мелодијата и тоналитетот и накрај квалитативна естетска проценка.

**4д. Надареност за сценска уметност**

Во рамки на надареноста за сценска уметност спаѓаат :

**Надареност за глума** која ја чинат следните карактеристики –

– развиена социјална интелигенција и комуникациски вештини
– висока перцептивна способност
– развиена мемориска способност
– добар слух
- музикалност
- емоционална експресивност
- изразена артикулација

---

*темпорална подразбира физиолошка основа во специфични структури во предниот дел на десната хемисфера од мозокот

**Надареност за балет или сценски настапи** – добра физичка спретност, ритмика, добра моторика, координираност на движењата на екстремитетите, грациозност во движење на телото, помнење на движења, силна мотивација за напорно вежбање и усовршување на движењата.

---

4ѓ . **Надареност за спорт**

За успешна изведба во различни спортски дисциплини потребни се варијации во способностите, но кај најголем дел спортски дисциплини потребни е да се присутни следните карактерсистики:

- конституција – склоп од релативно трајни телесни и ментални особини, наследно детерминирани
- кондиција – физичка способност која се усовршува со континуирано вложуван телесен напор
- истрајност, упорност и ментална дисциплина
- ориентација кон постигнување

4е. **Надареност за лидерство**

Карактеристики кои најчесто се издвојуваат како пресудни кај лидери/потенцијални лидери се следните:

- развиени општи интелектуални способности
- вештина за донесување на одлуки
- развиено апстрактно мислење

- насоченост кон планирање на идни цели
- флексибилност
- адаптибилност
- реална слика за себе
- самодоверба
- способност за јасно вербално изразување
- способност за организирање и работа со соученици

## 5. ПРИНЦИПИ И ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА НАДАРЕНИ ИЛИ ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

Талентираниот ученик може да покажува забележлив талент /дарба за одредена дејност – музика, сликање, глума, вештина во решавање на математички задачи креирање на изуми, лингвистички способности и сл.

Од бројните карактеристики кои можат да се набројат за надарените ученици следните се најчесто присутни:

- натпросечна општа интелигенција
- интелектуална љубопитност
- критичко согледување на проблемите
- логичко асоцирање
- способност за генерализација
- оригиналност
- иницијативност
- широки интереси
- специфични способности

Надарените ученици можат да бидат идентификувани со помош на соодветни мерни инструменти, но наставникот исти така може врз основа на идентификување на одредени забележливи особини и карактеристично однесување да го препознае надарениот ученик/ка во училницата на часовите.

Со цел да се избегнат можни конфликти или негативни сценарија во работата и поддршката на надарениот ученик препорачливо е да се имаат в предвид следните карактеристики на негативна манифестација на надареноста:

- можен конфликт меѓу животните цели поради истовремена манифестација
- компромис меѓу целите на штета на квалитетот на резултатите од трудот и менталното здравје
- конфликт со средината заради тенденција средината да ја подредува во однос на поставените цели
- конфликт со средината поради неусогласеност со способностите, перцепцијата на целите со училиштето, врсниците и пошироката средина
- можност за негативни реакции поради притисокот од повисоките очекувања од средината

*Во прилог на Програмата изрботена е листа на карактеристики на надарените ученици организирани според соодветни категории кои можат да помогнат во диференнцирање и препознавање на надарениот ученик/ка, како и да ја олеснат работата и комуникацијата со нив.

## 6. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РАБОТАТА СО НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ

Училиштето има повеќе опции за избор за работа со надарени ученици. Откако ќе се препознае надарениот ученик задача на училиштето, како образовна заедница е да му овозможи на ученикот соодветни услови за развој и примена на способностите и создавање на услови за идна применливост на знаењата и способностите како за пошироката заедници, односно општеството, така и за самите себе си.

Форми на работа со надарени ученици кои може да се реализираат во училиштето:

1. **Редовни паралелки со додатна настава** – овој облик на работа со надарените ученици овозможува покрај следењето на редовната настава и посета на часови каде учениците ќе имаат можност да ги продлабочуваат своите знаења од различни области. Годишната програма на работа на овие часови ја изработува наставникот со помош на стручниот соработник или советник од БРО, но и со можност да се додаваат елементи преку договор со ученикот за содржините за кои ученикот покажува интерес. За да биде ефикасна ваквата форма на работа

потребна е флексибилност од страна на наставникот, помината обука за работа со надарени ученици и разбирање за потребите на учениците.
За оваа форма на работа се користи и терминот ЗБОГАТУВАЊЕ, при што се подразбира вид на часови на кои учениците ги продлабочуваат своите знаења од одредени области со збогатена програма која бара продлабочено толкување на појавите кои се изучуваат. За реализирање на ваков вид на настава потребни е училиштето да вложува средства во опремување на лабараторија, работилница, опремен музички клуб, спортски клуб, ликовен клуб и сл., како и опремување на библиотеката со побогата стручна литература.

2. **Индивидуализирани паралелки** – наставата се изведува во мали флексибилни групи. Ваквата форма на работа се применува откако прво ќе се регистрираат надарените ученици во училиштето. Наставникот изработува програма и подготвува материјали за секој ученик посебно согласно со идентификуваните способности и посебни потреби и интереси на ученикот.

3. **Работа во специјализирани вонучилишни институции и организации** – ваквиот облик на работа подразбира постоење на договори за соработка со одредени институции или организации ( стручни здруженија, истражувачки агенции, клубови, курсеви, семинари, трибини, вонучилишни натпревари и др.) кои можат да ги примат учениците и да им овозможат увид во поинаков начин на работа.

4. **Работа со надарени ученици преку стручни кружоци или секции –** со ваквата форма на работа со надарените ученици се поставува почетно хетерогена група која благодарејќи на планирана организациска поставеност на почетокот на учебната година, подоцна се дели во одделни похомогени групи со поспецифични форми на работа и задачи. На почетокот на годината наставникот според своите забележувања за почетно манифестираните способности и интереси кај некои ученици или самоиницијативно пријавување од страна на учениците или пак, по пат на насочувања од други наставници се формира хетерогена група во поголем број. Наставникот кој го води овој облик на работа на учениците им ги соопштува целите и задачите на кружоците или секциите и организациската поставеност. Организациската поставеност ја структурира наставникот претходно врз основа на карактеристиките на одделните проблематики во рамки на одредена научна дисциплина, односно, предмет. При тоа може да постојат секции како:

- **Научно-популарна секција** во која ќе се изучуваат напредни знаења од одделните научни дисциплини, односно, предмети. Може да се изучува на пр. бинарни бројни системи, сложени равенки и начини на решавање на математички проблеми, геометриски знаења во антички Египет напредни знаења од областа на биологијата и сл. кои ги организира и поставува наставникот пред почетокот на годината.
- **Секција за подготовка/изготвување на надгледни средства** во која учениците можат да изработуваат различни демонстрациони дидактички средства, како на пр. цртежи, табели, модели на геометриски тела, подвижни модели, дијаграми и сл. кои можат да обработуваат и претставуваат податоци и знаења од различни предмети – математика, хемија, физика, астрономија, биологија и др. Трудот на учениците и изработените проекти би можеле да бидат истакнувани на видни места низ училиштето или да се организираат изложби во соработка и со други училишта, со што ќе биде транспарентна работата и постигнувањата на учениците. За да може да функционира оваа секција неопходно е да биде опремена со потребните материјали и средства за изработка.
- **Училишен весник** во кој можат да се вклучат сите вербално надарени ученици кои можат да придонесуваат се текстови од различен карактер и содржина. Доколку во училиштето недостигаат средства за печатење на весникот во хартиена верзија, текстовите учениците можат да ги поставуваат на определен дел од WEB страната на училиштето. Училишниот весник е потребно да ја има соодветната организациска поставеност со неопходните редакциски сегменти од кои под ментортсво на наставник за поголем дел од функциите би биле одговорни и би ги воделе самите ученици.
- **Секција за решавање на проблемски задачи и подготовка за натпревари** работата на секција од ваков карактер подразбира идентификување на учениците кои имаат високи знаења од различните предмети, кои знаења со соодветен професор ќе ги усовршуваат во текот на годината. Посебна одговорност на оваа секција би била следење на постоечките меѓучилишни, меѓуопштински, национални или меѓународни натпревари на кои учеиците ќе можат да се пријават и да учествуваат. Достигнувањата на учениците би значеле придонес за афирмација на училиштето, а пак за учениците преку соодветна пофалница издадена од училиштето, ваквите учества и достигнувања би биле дел од биографијата на ученикот која може да придонесе во идното образование и професионален развој на ученикот.

**6а. Улогата на наставникот во поддршката на надарените ученици**

Наставникот е лицето кое минува најголем дел од времето изминато во училиштето со учениците. Токму затоа е и лицето кое има најмногу можности да го забележи надарениот ученик, да го помогне и насочува нејзиниот/неговиот развој и да развива стратегии за работа и подучување на надарените ученици. Наставникот е важо да биде свесен за карактеристиките на надарените деца, како што се – недостиг на синхронизираност со врсниците, некогаш семејството, па дури и времето и културата во која живее ; повремени чувства на фрустрираност, неразбраност и изолираност; постоењето на дисконтинуитет во интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој кај надарените и талентирани ученици.

*ОСОБИНИ КОИ СЕ ПРЕПОРАЧУВА ДА ГИ ПОСЕДУВА И РАЗВИВА НАСТАВНИКОТ КОЈ СЕ ОПРЕДЕЛУВА ДА РАБОТИ СО НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ*

* да се почитува себе си и има развиена его-сила
*развиена интелигенција со личен стил во концептуализирање, генеразлизирање, креирање, иницирање, организирање при работата и поддучувањето на надарените ученици
*флексибилен и подготвен за поинаков начин на гледање и нови идеи
*да е креативен
*развиен интелектуален интерес, литературен и културен
*сака да учи, да го збогатува знаењето
*се чувствува одговорен за сопственото однесување и последиците
*да води наместо да создава притисок
*освен на содржината да умее да се фокусира и на процесот на учење во училницата
*да умее да користи постапки за решавање на проблеми и избегнува донесување избрзани заклучоци
*да ги вклучува учениците во откривањето, наместо да дава готови одговори
*да користи разновидни наставни стратегии
*да ја почитува сликата за себе кај секој ученик
*да ја почитува креативноста и имагинативноста кај другите
*да ја почитува ивдивидуалноста и личниот интегритет кај другите
*да има верба во младите и да ги сака учениците

*да е самиот насочуван и да умее да насочува кон најфундаменталните вредности – одговорност, почитување, творење, поддршка, вложување, чесност

За да може наставникот да одговори на вака сложените барања потребно е да посетува обукии семинари преку кои ќе учи за карактеристиките на надарените деца, нивните специфични реакции и потреби, стратегии на подучување, но и пеменентно да се дообразува преку следење на стручна литература, новини во матичната научна дисциплина или друга дејност, со користење на книги, брошури, прирачници и други извори на информациии.

### 6 б. Улогата на родителот во поддршката на надарените ученици

Родителите обично се првите проценувачи, бидејќи имаат можност од најрана возраст да го следат развојот на своето дете и нејзините/неговите реакции во различни ситуации. Затоа можат да имаа важна улога при насочувањето и поддршката на идниот развој на надареното дете. На родителот може да му пружи поддршка училиштето со земање в предвид на мислењето и насоките на родителот кога детето за прв пат запишува во училиштето. Овозможување пристап до инструменти со кои би можел да даде мислење за способностите и особините на своети дете и насоки околу начините на давање на поддршка и потпомагање на развојот на надареното дете.

### 6 в. Улогата на Стручната служба во поддршката на надарените ученици

Стручните лица во училиштето, психологот и педагогот имаат значајна улога во:

- идентификацијата на надарените ученици,
- определувањето на видот на специфични способности,
- прецизирање на критериумите за селекција и распределување
- помош во определувањето на методолошките постапки на наставниците во работата со надарените ученици
- фокусирање на интересите на надарените ученици,
- следење на развојот,
- примена на психолошки тестови и нивна интерпретација
- советување и поддршка на родителите

| | |
|---|---|
| Дата | изработила |
| 25.05.2014 | Гордана Б. Спиридонова |